Основно Општинско Училиште
“Имри Елези” Скопје Чаир
ул.: Браќа Реџепагиќ бр. 29
телефон: 02/2622675
е-пошта:ou-imrielezi-chair@schools.mk

Imri Elezi

Shkolla Fillore Komunale
“Imri Elezi’ Shkup Çair
rr. Braqa Rexhepagiq nr.29
telefoni: 02/2622675
email:ou-imrielezi-chair@schools.mk

Бр/Nr 04-183/1 Од/prej 10.07. 2026 година/viti

Врз основа на член 45 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), В.Д. Директорот на ООУ ,,Имри Елези” Скопје - Чаир донесе;

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по јавен оглас бр. 333/2026 за вработување на административен службеник**

1. За извршител на работно место - ОБН0102В01001 Советник за општи и нормативно - правни работи - Секретар, Одделение за нормативно - правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба, (1) извршител, се избира кандидатот со идентификациски код Е03ЕА9В - **Нурдан Ибраим**.
2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла во Агенција за администрација.
3. Именуваниот/ата ќе биде вработена на неопределено време и распоредена на работното место од точко 1 на ова одлука по конечноста на одлуката, за што ке се донесе посебно решение за вработување на административен службеник.
4. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

На ден 21.05.2026 година, на интернет-страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Лајм“ е објавен јавен оглас бр. 333/2026 за пополнување на работното место Советник за општи и нормативно - правни работи - Секретар, Одделение за нормативно - правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба, (1) извршител.

Со Решение бр. 10-1394/4 од 04.06.2026 година е формирана Комисија за селекција за вработување по јавниот оглас.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување на административни службеници, е спроведена постапката за вработување, при што се изготвени:

-Записник бр. 10-1394/5 од 09.06.2026 година за извршена административна селекција;

-Записник бр. 10-1394/7 од 06.07.2026 година за спроведен испит за административен службеник;

-Записник бр. 10-1394/8 од 08.07.2026 година за спроведена проверка на веродостојноста на доказите и интервју.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција изготви конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати бр. 10-1394/9 од 10.07.2026 година, со кој предложи за избор кандидат кој ги исполнува условите од јавниот оглас и освоил најголем број бодови.

Основно Општинско Училиште
“Имри Елези” Скопје Чаир
ул.: Браќа Реџепагиќ бр. 29
телефон: 02/2622675
е-пошта:ou-imrielezi-chair@schools.mk

Shkolla Fillore Komunale
“Imri Elezi’ Shkup Çair
rr. Braqa Rexhepagiq nr.29
telefoni: 02/2622675
email:ou-imrielezi-chair@schools.mk

Бр/Nr 04-183/1 Од/prej 10.07. 2026 година/viti

Согласно член 45 од Законот за административни службеници, В.Д. Директорот на ООУ “Имри Елези” Чаир, Скопје, по разгледување на конечната ранг-листа и Предлогот за вработување, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна Поука:** Против ова одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата и огласна табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Именуваниот-та
- Архива
- Агенција за администрација
- Одделение за управување со човечки ресурси

В.Д. Директор,

Lulzime Islami